УЖВМ-2.бр.4/2021

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Лидија Каначковиќ - претседател на советот, Емрије Зубери и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Билјана Тодоровска - судски соработник, решавајќи по жалбата на тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Борис Ношпал, адвокат од Скопје, против Решението на Управниот суд У-6.бр.1409/2020 од 26.08.2020 година, за времена мерка, на седницата одржана на 21.04.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

I

Жалбата на тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Управниот суд У-6.бр.1409/2020 од 26.08.2020 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно одлучување пред Управниот суд.

II

Барањето на тужителот за надомест на трошоци за жалба од 12.390,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-6.бр.1409/2020 од 26.08.2020 година барањето на тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје за донесување на решение за времена мерка со кое ќе се одложи извршувањето на конечниот управен акт – Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и да се задолжи тужениот орган да изврши времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос се до правосилно завршување на постапката по тужбата, го одбил како неосновано.

Против ова решение тужителот преку својот полномошник изјави жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и поради и погрешна примена на материјалното право. Предлага жалбата на тужителот да се уважи, решението на Управниот суд да се укине и предметот се врати на повторно одлучување со јасни напаствија за отстранување на суштествените повреди.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите на предметот, обжаленото решение и по извршената оцена на наводите во жалбата во

смисла на член 79 став 1 во врска со член 71 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата на тужителот е основана.

Управниот суд постапувајќи по поднесената тужба од тужителот Друштво за промет и услуги ФАРМАС МН ДООЕЛ Скопје, за донесување на решение за времена мерка со кое ќе одложи извршувањето на конечниот управен акт – Решение број 09-716/10 од 11.08.2020 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки и да се задолжи тужениот орган да изврши времено уредување на состојбата во однос на спорниот правен однос се до правосилно завршување на постапката по тужбата, го одбил како неосновано. При тоа судот нашол дека не се исполнети условите за постапување по член 29 од Законот за управните спорови.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е незаконито.

Согласно член 29 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), Судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. Согласно страв 2 од истиот член, Судот одлучува за времените мерки со решение. Согласно став 3 од истиот член, против решението за времена мерка дозволена е жалба. Согласно став 4 од истиот член, тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. Согласно став 5 од истиот член, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето, судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица. Согласно став 6 од истиот член, тужителот поради причините наведени во став (5) на овој член може да бара и донесување на времени мерки за времено регулирање на состојбата во врска со спорниот правен однос, доколку се докаже веројатноста за таквата потреба, особено во постојните правни односи. Согласно став 7 од истиот член, за донесување на времената мерка од ставот (6) на овој член судот одлучува во совет. Согласно став 8 од истиот член, Судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со решение кое треба да биде образложено. Судот може донесувањето на времената мерка да го услови со давање на гаранција за штетата која со нејзиното изрекување би можела да настане за спротивната страна. Согласно став 9 од истиот член, против решението од став (8) на овој член, странката може во рок од три дена да поднесе жалба до Вишиот управен суд. Вишиот управен суд одлучува по жалбата во рок не подолг од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Согласно член 38 став 1 точка 3 од истиот закон, предвидено е дека судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одчучува по управен спор без да одржи расправа само кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка.

Вишиот управен суд во конкретниов случај најде дека првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите од член 70 став 2 а во врска со член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови.

Имено, според овој суд со неодржувањето на расправа по барањето за донесување на времена мерка, Управниот суд постапил спротивно на одредбата од член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови, при што сторил суштествена одредба од член 343 точка 9 од ЗПП. За овој суд неприфатливо е наведеното во образложението на обжаленото Решение за неодржување на расправа по барањето за определување на времена мерка, односно дека условите за одржувањето на јавната расправа во Судот не се во согласност со неопходните мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија. Наведените причини не може да преставуваат законска основа за неодржување на расправа и постапување спротивно на член 38 став 1 точка 3 од ЗУС.

Законот за управните спорови е процесен закон со кој се уредува постапката по управните спорови и во кој јасно е наведено дека одлучувањето по времена мерка е исклучок од одредбата од член 37 од ЗУС, односно одржувањето расправа за тие предмети е задолжително. Одлуките на кои се повикува судот во Решението, а донесени од Судскиот совет на Република Северна Македонија, не преставуваат причина за неодржување на расправа. Со наведените Одлуки само се укажува на Претседателот на судот и судиите менаџирањето на судските предмети да го усогласат со мерките и препораките на Владата на РСМ и надлежните здравствени органи, при што се должни да ги превземат сите мерки на предпазливост, како би се намалил ризикот од инфекцијата на вирусот на судиите, судската служба, странките и другите учесници во постапката, а не се однесуваат за неодржување на расправи за предмети од итна природа како што е конкретниов предмет за одлучување по барање за времена мерка.

При ваква состојба на работите, овој суд постапувајќи по жалбата на тужителот, а по службена должност, согласно член 79 став 1 од ЗУС во која основано се укажува за сторна суштествена повреда од член 70 став 2 од ЗУС, следуваше жалбата на тужителот да се уважи и Решението на Управниот суд се укине.

Во повторната постапка Управниот суд ќе треба да ги има во предвид укажувањата дадени во образложението на ова решение, да постапи по истите и да донесе правилна и законита одлука по однос на барањето за донесување на времена мерка, а притоа да го има во предвид и цитираниот член 38 став 1 точка 3 од Законот за управните спорови.

Судот го одби како неосновано барањето на тужителот за надомест на трошоците по жалбена постапката согласно член 86 став 2 од Законот за управните спорови според кој странката секогаш ги сноси трошоците кои ги предизвикала по сопствена вина, како и трошоците кои настанале случајно.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното, донесе Решение како во изреката согласно член член 29 став 9, а во врска член 71 став 3 и член 86 став 2 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 21.04.2021 година под УЖВМ-2.бр.4/2021.

Записничар - судски соработник<br>Билјана Тодоровска с.р.

Претседател на совет - Судија<br>Лидија Каначковиќ с.р.

/АМ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Судски службеник